# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**15.03.2018 год.** **Бр.V**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 11-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 14.03.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 11-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.03.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-364/1 од 15.03.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 11-та седница, одржана на 14.03.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 9-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.02.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-350/3 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 11-та седница, одржана на 14.03.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 10-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 02.03.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-350/4 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 80 став 12 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10,09/2011, 51/2011, 123/2012, 147/13, 163/13,51/2015,146/15, 156/15,39/16 и 63/16) Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на Општина Крушево, Советот на општината дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија согласно член 80 став 12 од Законот за управување со отпад.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општина Крушево на својата седница одржана на 14.03.2018 година, донесе Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот плански регион.

Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Советот на општина Крушево донесе одлука како во диспозитивот.

Главни причини поради кои се пристапи кон донесување на ваквата одлука се проблемите со кои се сочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено, општината проценувајќи ја својата финансиска состојба, како и потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадот согласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во Општина Крушево неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Пелагонискиот регион е утврдено дека вкупните инвестиции за основање на регианалниот систем за управување со отпад изнесува 32.143.781 евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди Општина Крушево ќе бидат обезбедени од Владата на Република Македонија.

Дополнително, согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, потребно е воспоставување на регионална соработка за основањето на депонијата, без кое управувањето со отпадот не може да биде одржливо ниту достапно за населението. Во овој момент не постои можност сите општини од Пелагонискиот регион да ја обезбедат потребната финансиска помош со што не може да се основа депонијата со потребната инфраструктура доколку не се обезбеди финансирање од Владата.

Врз основа на претходно изнесеното, Советот на Општина Крушево донесе одлука со која основањето на регионалната депонија со потребната инфраструткура го доверува на Владата на Република Македонија, како најдобар начин за брзо решавање на проблемите со управувањето со отпадот, а кој ќе биде со најмали трошоци и со цена која ќе биде достапна за населението во Пелагонискиот регион.

**Бр.08-350/5 од 14.03.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на 11-та седница, одржана на 14.03.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година***

**Член 1**

Во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година бр.08-1129/7 од 27.12.2017 година се врши измена, во член 10 став 1 алинеја 3, после зборот „известување" се додава: „од страна на Градоначалникот".

**Член 2**

Во член 11 став 1, зборовите: „општинскиот Буџет" се заменуваат со зборовите: „Буџет на дотации".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крушево", а ќе се применува од 01.01.2018 година.

**Бр.08-350/6 од 14.03.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4, 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2017 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2017 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-350/7 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15), член 27 од Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр. 61/02; 98/02; 81/05, 24/11 и 145/15) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2017 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2017 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-350/8 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.03.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Елаборатот за извршениот попис за 2017 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа на Општина Крушево за 2017 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2017 година.

3. Пописната комисија утврди дека градежните објекти се во добра и употреблива состојба и се внесени на пописни листи.

Утврдена е состојба на ново изградени објекти во 2017 година и истите се внесени на пописна листа.

Комисијата утврди дека постојат инвестиции кои не се завршени и се во тек.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-350/9 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„бр.5/2002), член 14 од Законот за јавни патишта („Сл.Весник на РМ „бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 169/2015, 31/16, 71/2016), член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Крушево("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07 и бр. 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2018 год. донесе:

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

**I ВОВЕД**

Со оваа програма се утврдуваат финансиските средства и критериуми за изградба, реконструкција и рехабилитација, зимско одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај на локалните улици и патишта кои се во надлежност на Општината Крушево за 2018 година, нивниот распоред и користење по намени .

**II ПРИХОДИ**

Финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта на Општина Крушево за 2018 год. Се утврдуваат во износ од **8 530 000 денари** Што ке се остварат од сл.извори:

-Од ЈП за државни патишта на РМ ( средства за 2018 год) **2 500 000 денари** ,

-Од Буџетот на Општина Крушево ( средства за 2018год. ) **1 530 000 денари и**

-Други извори на финансирање ( средства за 2018 год.) **4 500 000 денари**

представени во табеларниот приказа даден во прилог.

**IV ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

-Вкупно планирани приходи: по точка 2.1 **8.530 000,00 денари**

**ВКУПНО ПРИХОДИ 8.530 000 денари**

-Вкупно планирани расходи :по точка 3.1 **410 000,00 денари** по точка 3.2 **550 000,00 денари** по точка 3.3 **3.670 000,00 денари** по точка 3.4 **400 000,00 денари** по точка 3.5 **3.500 000,00 денари**

**V КРИТЕРИУМИ**

При изградба, реконструкција и рехабилитација, на локални патишта и улици кои се во надлежност на Општината Крушево за 2018 година приоритет ќе биде:

-учество на граѓаните со работна рака или со учество на финансиски средстсва при доделување на градежен материјал;

-За улици за кои е обезбедена донација,а за кој е потребно учество на општината со финансиски средства .

**VI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Крушево .

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на подрачјето на Општина Крушево за 2018 год. е во согласност со планиранита средства во Буџетот за 2018год.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Крушево , а ке отпочне да се применува од 15.03.2018 година.

**Бр.08-350/10 од 14.03.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-356/1 од 12.03.2018 година од Фудбалски клуб „Питу Гули” од Прилеп, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за исплата на финансиски средства

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 120.000,00 (сто дваесет илјади)** денари по барање бр.08-356/1 од 12.03.2018 година од Фудбалски клуб „Питу Гули” од Прилеп;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000925025069, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-350/11 од 14.03.2018 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот

на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-359/1 од 12.03.2018 година од Чакалар Сотираќи од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 9.000,00 (девет илјади)** денари по барање бр.08-359/1 од 12.03.2018 година од Чакалар Сотираќи од Крушево, со ЕМБГ 1607990440021.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200003107212341, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-350/12 од 14.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 11-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................... 1
2.Заклучок за усвојување на записиникот од 9-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………… 1
3. Заклучок за усвојување на записиникот од 10-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………. 1
4. Одлука за давање согласност за формирање на регионалани депонии….. 1
5. Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година ……… 2
6. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2017 година ………. 3
7. Заклучок за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2017 година ……………………………… 3
8. Заклучок за усвојување на Елаборатот за извршениот попис за 2017 година …… 3
9. Програма за изградба, реконструкција и рехабилитација на локалните улици и патишта на подрачјето на територијата на Општина Крушево за 2018 година ………. 4
10. Решение за исплата на финансиски средства по барање од ФК “Питу Гули” од Прилеп ……………………………………..... 4
11. Решение за исплата по барање од Чакалар Сотираќи од Крушево …………. 5

Редакциски одбор на Општина Крушево.